| Знаење и разбирање | Дипломираните студенти од магистерските студии по теологија ќе поседуваат продлабочено и интердисциплинарно знаење во областа на православната теологија и нејзините поддисциплини, при што критички ќе ги разбираат, анализираат и толкуваат централните теми на православното христијанско богословие. Ќе бидат оспособени за автономно и методолошки засновано истражување, како и за примена на резултатите од истражувањата во поширок општествен и академски контекст.<br><br>Студентите ќе развијат способност за интерпретација и примена на современи херменевтички пристапи, егзегетички методи и критичко читање на библиски и светоотечки текстови, во насока на самостојна продукција на научни трудови што ги адресираат актуелните прашања во теолошката и религиозната сфера.<br><br>Продлабоченото познавање на историјата, развојот и современиот идентитет на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, ќе им овозможи на студентите аналитички да ја согледаат нејзината улога во контекстот на македонското општество.<br><br>Во доменот на истражувачките вештини, студентите ќе демонстрираат напредно разбирање и примена на методологијата на хуманистичките и општествените науки, особено на методите на истражување на религијата. Ќе бидат способни да дефинираат релевантен предмет на истражување, да формулираат истражувачки прашања, да создадат сопствена база на податоци и да ги анализираат податоците во согласност со научната етика.<br><br>Покрај тоа, студентите ќе покажат компетентност во академското пишување, јасно структуирање на аргументи и критичка рефлексија врз истражуваните теми, што директно се одразува во изработката и одбраната на магистерската теза. На овој начин, тие ќе бидат способни да развијат оригинални идеи, да пристапуваат интегрирано и креативно кон решавање на сложени прашања во областа на православната теологија и поширокиот христијански контекст.<br><br>На крајот од студиите, магистрите ќе демонстрираат високо ниво на професионална компетентност, аналитичка прецизност и капацитет за примена на знаењето во нови или интердисциплинарни академски и практични ситуации, вклучувајќи селективна употреба на релевантни знаења од сродните дисциплини. |

| | |
|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | Студентите кои ќе ги завршат магистерските студии по теологија ќе развијат високо ниво на способност за критичка анализа, оригинално поставување на истражувачки проблеми, формулирање на аргументирани и методолошки засновани тези и нивно креативно елаборирање во рамките на православната теолошка мисла. Ќе бидат оспособени да ги применат стекнатите знаења не само во истражувачки, туку и во професионални, образовни и црковно-општествени контексти.<br><br>Преку интердисциплинарниот пристап кој ја интегрира теологијата со филозофијата, историјата, етиката и педагогијата, студентите ќе умеат да идентификуваат и анализираат современи религиозно-општествени предизвици, да воспостават соодветен истражувачки фокус и да понудат релевантни и конструктивни решенија засновани врз православната теолошка традиција и нејзината етичка перспектива.<br><br>Во таа насока, стекнатите академски и методолошки вештини ќе им овозможат на студентите да изведуваат самостојни истражувања, да водат јавни дискусии, да изработуваат висококвалитетни академски текстови, како и да ја промовираат релевантноста на теологијата во контекст на јавниот дискурс, меѓурелигискиот дијалог и културата.<br><br>Клучни цели и компетенции на студиската програма се:<br>Оспособување за изведување на академска и наставна дејност во областа на православната теологија.<br><br>Подготовка на високо квалификувани кадри за потребите на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, со потенцијал за дејствување во рамките на нејзината пастирска, административна и мисионерска служба – и во Република Северна Македонија и во дијаспората.<br><br>Оспособување за ангажман во културни и јавни институции, невладини организации, верски и меѓурелигиски иницијативи, како и за учество во креирање на јавни политики поврзани со религијата, етиката и општествената кохезија.<br><br>Оспособување за стручна дејност во областа на верскиот туризам, културното наследство и црковната уметност, вклучувајќи интерпретација, едукација, менаџирање на настани и презентација на духовното и уметничко богатство на православната традиција. |

| | |
|---|---|
| Способност за проценка | Студентите кои ќе ги завршат магистерските студии по теологија ќе развијат способност за анализа, синтеза и интеграција на комплексни знаења со цел решавање на напредни прашања и предизвици поврзани со православната теологија и нејзината традиција, особено во локалниот и регионалниот контекст.<br><br>Тие ќе бидат способни да се справуваат со интердисциплинарни и мултиконтекстуални прашања, каде што православната мисла се вкрстува со современите социјални, културни и научни текови, вклучувајќи ги и областите на етиката, филозофијата, педагогијата и историјата.<br><br>Ќе поседуваат вештина за формулирање критичка проценка и донесување научно аргументирани заклучоци, дури и во ситуации кога информациите се ограничени, нецелосни или противречни. Преку овој процес, студентите ќе демонстрираат капацитет за стратегиско размислување и решавање на проблеми на високо академско ниво.<br><br>Воедно, студентите ќе изградат етичка свест и одговорност при проценувањето на теолошките прашања, со длабоко разбирање за личната, црковната и општествената одговорност која произлегува од практикувањето и примената на стекнатото знаење.<br><br>Покрај тоа, ќе бидат способни да оценуваат, селектираат и критички пристапуваат кон различни научни теории, методологии и аналитички алатки во доменот на теологијата, при што ќе развиваат нови пристапи, перспективи и иновативни решенија врз научна и методолошки заснована основа. |
| Комуникациски вештини | Дипломираните студенти од магистерските студии по теологија ќе демонстрираат високо развиени комуникациски вештини, кои подразбираат јасно, прецизно и контекстуално соодветно изразување, како во писмена, така и во усна форма. Тие ќе бидат оспособени за отворена, професионална и академски заснована комуникација со различни целни групи – научна, едукативна, црковна и поширока јавност.<br><br>Студентите ќе покажат способност за интердисциплинарна комуникација, вклучително и научно аргументирана размена на ставови, податоци, толкувања и предлози, користејќи релевантни академски стандарди и терминологија, особено во средини каде се води дебата за религиски, етички или општествено чувствителни прашања.<br><br>Ќе бидат подготвени да комуницираат идеи, истражувачки резултати и концепти со домашната и меѓународната научна јавност, преку академски публикации, конференциски излагања, јавни дебати и образовни активности.<br><br>Дополнително, ќе поседуваат презентерски вештини со користење на современи дигитални технологии и медиуми, при што ќе избираат соодветна форма на изразување според целта, публиката и содржината. Притоа ќе умеат ефективно да користат визуелни и комуникациски алатки за пренесување на комплексни информации на достапен, етички и научно валидиран начин. |

| | |
|---|---|
| Вештини на учење | Студентите кои ќе ги завршат магистерските студии по теологија ќе демонстрираат висока свесност за значењето на континуираното образование, самоиницирано учење и професионален развој.<br><br>Ќе развијат способности за рефлексивно учење, критичко преиспитување на сопствените ставови и академска надградба, како и за активна интеграција на нови знаења и перспективи во рамките на теолошката дисциплина и сродните науки.<br><br>Ќе поседуваат разбирање на концептот на менторство и академска поддршка, како и способност за вклучување во академски и професионален дијалог со колеги, ментори и институции, со цел заедничко градење на знаење и креативно одговарање на општествените предизвици.<br><br>Студентите ќе бидат оспособени да преземат одговорност за сопствениот понатамошен развој, да поставуваат цели за долгогочно доусовршување, и да креираат стратегии за професионален и академски раст, како на лично ниво, така и во рамките на црквата, образовните и општествените заедници каде делуваат.<br><br>Во тој контекст, ќе покажат подготвеност за активно учество во јавниот и академскиот дискурс за позицијата на религијата во современото општество, со изразена способност за етички одмерено и интелектуално аргументирано дејствување. |

## 6.б. Специфични дескриптори на квалификации за втор циклус на едно/двогодишни студии со 60/120 ЕКТС, за студиската програма поднесена за (ре)акредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Цел на студиската програма од втор циклус магистерски студии по теологија е студентите да стекнат со продлабочено и заокружено богословско знаење од областа на теологијата, да имаат можност да се стекнат и со нови знаења од другите систематски области и блиски, односно релевантни и сродни контактни и комплементарни дисциплини во нивната основнаи апликатвина димнезија.

Специфичните задачи на студиската програма се креирани според следењето на научните, но и општествени случувања, како и сличните искуства од земјите од регионот, односно пошироко, коишто треба да одговорат на соодветните образовни потреби во различни области:

Перципирање и соодветно следење на глобалните и специфичните трендови во областа на теологијата, како и одделни аспекти на истите во непосредната средина, следени од позиција на самите верски заедници, како и од други позиции во општеството (специјализирани владини или невладини агенции и служби: министерства, локална самоуправа, статистика, особено министерството за образование, министерството за култура, министерството за труд и социјална политика, комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и слично);

Раководење со различен вид организациони единици и водењето на соодветни проекти од црковно-богословката област.

Карактеристики на оваа програма се што преставува единствен постдипломски студиум од областа на СТУДИИ ПО ТЕОЛОГИЈА во земјава, којшто нуди продлабочено теоретско и практично знаење за современите процеси и феномени во областа на современата теологијата и секако засебно во самата религија, односно православното христијанство. Студентите се охрабруваат своите семинарски, специјалистчки и магистерски трудови да ги темелат на реални проблеми и конкретни предмети. Интересите на поединците и кандидатите коишто се дел од постдипломските студии се задоволуваат со системот на изборни предмети од и вон студиската програма. Предметните програми предвидени со наставниот план овозможуваат продолжување на трет циклус.

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | • Теолошките студии имаат за цел на изучување и продлабочување на богословската наука.<br>• Студентите коишто ќе ги завршат студиите ќе поседуваат високо ниво на знаења од областа на базичните теолошки студии, првенствено од систематизираните фундаментални знаења од систематската и библиската теологија, кон кои се прилагодени и продлабочени завршните теолошки студии по трет циклус. Меѓутоа, студиската програма за втор циклус по теологија е адаптирана, исто така, на начин да им овозможи на студентите да стекнат продлабочени знаења и од другите теолошки дисциплини на православното христијанство, како што се областите од систематското богословие, пастирско-катихетско богословие, но и од на нив блиските и сродни области филозофија на религија, општа историја на христијанската црква, историја на МПЦ-ОА, културни студии, и другите општествени и хуманистички науки и нивно соодветно аплицирање.<br>• Студентот знае и разбира како теологијата е поврзана со другите хуманистички и општествени науки, односно другите елементи на структурата на самото општество. Знае да направи и аргументира екстерна и интерна евалуација на феномените од областа на теологијата и религијата и да заземе свој став.<br>• Разбира и може да примени методологии соодветни за решавање проблемски точки детектирани во пастирско-катихетската психологија.<br>• Поседува систематско знаење за областа на теологијата и општо во православното христијанство, како и за други предмети директно или индиректно поврзани со истата. Стекнатото систематско знаење овозможува да се креира основа за развивање на оригинални идеи во контекст на истражувањето на теолошките науки. Во рамките на предметот студентите ќе стекнат систематско знаење за теоретските пристапи на теологијата, како и соодветната методологија на нејзиниот предмет односно материја.<br>• Знае да осмисли, испланира и реализира научно-истражувачки проект од теологија. Воедно би нотирале дека ќе може да стекне продлабочени знаења за сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, интерпретација на резултатите). За пишување и десеминација на трудовите (семинарски труд, прегледен труд, научен труд, магистерски труд) од модулот, ќе развијат соодветни вештини востановени во предметот Академско пишување. |

| | |
|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | • Има способност да ги препознава развојните текови во православието, христијанството т.е. религијата, воопшто и секако нивното влијание во македонското општество, како и пошироко.<br>• Способност стекнатите знаења да ги примени во своето работење, во комуникациите и работата во рамките на својот колективитет.<br>• Способност за критичко, независно и креативно решавање на проблемски точки во рамките на својот колективитет, базирани на стекнатите знаења од областа на теологијата.<br>• Можност да ги компарира случувањата во македонското општество од оваа област, со слични во регионот и пошироко.<br>• Способност да ги перципира и евалуира случувањата од оваа сфера во македонското општество, соседството, регионот, Европа и светот.<br>• Способност да се вклучи во академски расправи во непосредното опкружување и пошироко.<br>• Способност критички да ги чита, интерпретира и евалуира истражувањата на другите, како и да развива свои оригинални идеи за истражување и да прави апликации до соодветни фондации и институции.<br>• Предвидените знаења и способностите им овозможуваат на студентите по теологија да се занимаваат со теоретски истражувања, од областа на просветната дејност во средината, во средното стручно богословско училиште и на Богословскиот факултет, свештеничката дејност со висок степен на сложеност во сите нејзини димензии – литургиска, мисионерска, пастирска, катихетска и др., дејност во институциите на културата и на медиумите, дејност во црковните структури, невладините и другите асоцијации. Магистерските академски студии по теологија овозможуваат натамошно продолжување на образование по докторски студии по теолошки науки, како и образование во други научни области.<br>• Магистрите по теологија ќе бидат оспособени за изведување на верска настава во средните училишта, за изведување настава од теолошка група предмети во средните богословски стручни училишта - богословиите, за дејноста - соработник во наставата на универзитетските студии по теологија и во други научни-истражувачки институции на државните, приватните и црковните организации |

| | |
|---|---|
| Способност за проценка | • Студентите со завршувањето магистерските академски студии, ќе се стекнат како со општи, така и со специфични вештини (способности), со коишто ќе може да одговорат на комплексните барања и операции од областа на теологијата и комплементарните дисциплини; да ги осознаат и да ги применуваат клучните поставки на сите релевантни теолошки дисциплини; оспособени се самостојно да вршат анализа, синтеза и да предвидуваат последици и да изнаоѓаат решенија по релевантните теолошки прашања; да ги применуваат методите и постапките на научното истражување; да поседуваат критичен и самокритичен пристап, мислење и продлабочен синтетички увид во тоталитетот на теологијата и во нејзината интеракција со другите дисциплини; да ги применуваат стекнатите знаења во практиката; да поседуваат комуникациски способности и вештини; да соработуваат со блиските социјални и меѓународни кругови; да располагаат со високо развиена професионална етика; да ги користат информациско-комуникациски технологииии; да поседуваат компетенција од висок степен на сложеност од образовно-научната, културната, административната и медијската дејност.<br>• Способност за справување со сложени прашања, коишто произлегуваат од секојдневниот професионален живот.<br>• Сособност да креира програми и проекти за професионален развој во рамките на теологијата.<br>• Да споделува систематизирани теолошки знаења и информации за феномените од областа религијата.<br>• Да гради релации врз основа на доверба, што подразбира изграден личен интегритет и способност да креира свои кодекси базирани на етички принципи со сенс за личните и општествените вредности. |
| Комуникациски вештини | • Способност за отворена и јасно водена комуникација (вербална, невербална и писмена) општо со јавноста.<br>• Високо ниво на презентерски вештини со користење на напредсна технологија и избор на соодветен медиум.<br>• Способност за отворена и јасно водена комуникација со научната јавност во земјава, како и пошироко.<br>• Способност за научно аргументирана размена на информации, интерпретации на ставови и податоци, предлози, претставки итн. со научната јавност во земјава, како и пошироко. |
| Вештини на учење | • Висока свесност за потребата и целите на самообразованието и личната надоградба во оваа област.<br>• Висока свесност и познавање на концептот на менторство (како менториран и секако како ментор).<br>• Активно да се вклучи во дијалог којшто го наметнува позиционирањето на православието, на христијанстовото, другите религии или религијата во општеството, покажувајќи ниво на прецизно знаење и соодветна етичка рамка на дејствување.<br>• Способност за превземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

**7. Утврден соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите.**

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Табела 7.1.** Распоред на предмети по семестри и години на студии за академски студии (АС) и стручни студии (СС), и

| Реден број | Код на предметот | Назив на предмет | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | П | В | |
| ПРВА ГОДИНА | | | | | | |
| 1 | ТС2-101 | Библиска теологија | прв | 2 | 1 | 12 |
| 2 | ТС2-102 | Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква | прв | 2 | 1 | 12 |
| 3 | | Изборен предмет (називот на изборниот наставен предмет се наведува во Табела 7.2) | прв | 2 | 1 | 6 |
| 4 | ТС2-103 | Средновековна философија и теологија | втор | 2 | 1 | 12 |
| 5 | ТС2-104 | Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија | втор | 2 | 1 | 12 |
| 6 | | Изборен предмет (називот на изборниот наставен предмет се наведува во Табела 7.2) | втор | 2 | 1 | 6 |
| **Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за година** | | | | 180 | 60 | 60 |

| Реден број | Код на предметот | Назив на предмет | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | П | В | |
| ВТОРА ГОДИНА | | | | | | |
| 1 | ТС2-105 | Педагошка етика | трет | 2 | 1 | 12 |
| 2 | | Изборен предмет (називот на изборниот наставен предмет се наведува во Табела 7.2) | трет | 2 | 1 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (називот на изборниот наставен предмет се наведува во Табела 7.2) | трет | 2 | 1 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (називот на изборниот наставен предмет се наведува во Табела 7.2) | трет | 2 | 1 | 6 |
| 5 | ТС2-114 | Магистерски труд | четврт | / | / | 30 |
| **Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за година** | | | | 120 | 60 | 60 |

**Табела 7.2.** Изборни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија 82/18))

| Реден број | Код | Назив на предметот | Семестар | Неделен фонд на часови | | ЕКТС | Од која единица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | предавања | вежби | | |
| 1 | ТС2-106 | Девтероканонски книги | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 2 | ТС2-107 | Херменевтика – библиско-егзегетска методологија | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 3 | ТС2-108 | Академско пишување | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 4 | ТС2-109 | Агиологија на Охридската архиепископија | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 5 | ТС2-110 | Православна биоетика – | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | современи морални предизвици | | | | | |
| 6 | ТС2-111 | Православна антропологија и педагогија | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 7 | ТС2-112 | Автономија и автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 8 | ТС2-113 | Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст | I/II/III | 2 | 1 | 6 | ПБФ |
| 9 | | | | | | | |
| | | | | **Вкупно**: | 24 | 48 | |

**Табела 7.3.** Прозорци на мобилност – наставни предмети кои можат да се реализираат и на англиски јазик согласно член 139 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18)

| | **Назив на предмет** | **Наставник** | **Година/Семестар** | **ЕКТС** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Библиска теологија | д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор<br>д-р Дарко Анев, доцент | I / I | 12 |
| 2. | Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква | д-р Дејан Борисов, редовен професор<br>д-р Илче Мицевски Игнат, доцент | I / I | 12 |
| 3. | Средновековна философија и теологија | д-р Милан Ѓорѓевиќ, редовен професор<br>д-р Кирче Трајанов, доцент | I / II | 12 |
| 4. | Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија | д-р Виктор Недески, доцент<br>д-р Александар Крстаноски, доцент | I / II | 12 |
| 5. | Педагошка етика | д-р Анета Јовковска, вонреден професор<br>д-р Стефан Гоговски, доцент | I / III | 12 |
| 6. | Девтероканонски книги | д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор | I / I - II или II / III | 6 |
| 7. | Херменевтика – библиско-егзегетска методологија | д-р Дарко Анев, доцент | I / I - II или II / III | 6 |
| 8. | Академско пишување | д-р Милан Ѓорѓевиќ, редовен професор | I / I - II или II / III | 6 |
| 9. | Агиологија на Охридската архиепископија | д-р Виктор Недески, доцент | I / I - II или II / III | 6 |
| 10. | Православна биоетика – современи морални предизвици | д-р Стефан Гоговски, доцент | I / I - II или II / III | 6 |
| 11. | Православна антропологија и педагогија | д-р Анета Јовковска, вонреден професор | I / I - II или II / III | 6 |
| 12. | Автономија и автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива | д-р Илче Мицевски Игнат, доцент | I / I - II или II / III | 6 |
| 13. | Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст | д-р Кирче Трајанов, доцент | I / I - II или II / III | 6 |

**Табела 7.4.** Преглед на застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети на студиската програма.

| Семестар | Број на задолжителни предмети | Број на изборни предмети | Вкупно предмети |
|---|---|---|---|
| I | 2 | 1 | 3 |
| II | 2 | 1 | 3 |
| III | 1 | 3 | 4 |
| IV | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 6 | 5 | 11 |
| % застапеност | 54,55% | 45,45% | 100% |

**Табела 7.5.** Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети.

| Ред бр | Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС на студиската програма | Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС | | Оптоварност за изборни предмети изразена преку ЕКТС | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **А** Вкупен број на ЕКТС на студиската програма | А1 Процентуална застапеност на ЕКТС од наставните предмети на студиската програма | **Б** Вкупен број на ЕКТС од изборни наставни предмети | Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма |
| **1.** | 2 години 120 ЕКТС | **120 ЕКТС** | **75%** | **30** | **25%** |

## 7.1. Правила и начин на избор на изборни предмети со можност за избор на предмети од други акредитирани студиски програми

| Начин на избор на изборни предмети од студиска програма |
|---|
| Сите изборни предмети наведени во Табела 7.2 (**Табела 7.2.** *Изборни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ 82/18)*) се со еднаква можност за избор од страна на студентите. Изборот на предметите се врши врз основа на насоките дефинирани во Табела 7.1. Според овие насоки, се избира еден предмет (за вториот семестар, три изборни предмети за третиот семестар и еден изборен предмет за четвртиот семестар) од изборните предмети. Изборот е лична одлука на кандидатот и зависи од неговиот интерес за стекнување продлабочени знаења и вештини кои ги нуди соодветниот предмет. Дополнително, студентот го насочува изборот кон областите во кои настојува да развие поголема експертиза и практични способности, во согласност со потребите за своето усовршување. |

| |
|---|
| |
| Начин на избор на изборни предмети од универзитетска листа |
| Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ од Скопје остварува соработка со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Оваа соработка обезбедува достапност на професори кои ги покриваат изборните предмети од универзитетската листа. На овој начин, студентите имаат можност да се стекнат со дополнителни компетенции преку слушање предмети кои се релевантни за нивниот академски развој и професионални цели. |

## 7.2. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма

Рокот за завршување на предвидените активности од студиската програма е две години, 4 семестри, а најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите, односно најмногу четири години (8 семестри од почетокот на учебната година кога е извршен уписот на факултетот за двогодишните магистерски академски студии по теологија.

# 8. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 7 (Прилог бр.4) од Правилникот за содржината за студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023) и член 61 став 3 од Закон за високо образование (“Службен весник на Република Македонија”, бр.82/2018)

**Табела 8.1** Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време **на единицата,** што ќе учествуваат во реализација на студиската програма

| | **Име и презиме на наставникот** | **да се наведе** | | **Назив на предметот** (од Табела 7.1 и 7.2) | **Вкупен број на предмети** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *звањето во кое е избран и во која научна област* | *Областа во која што е докториран* | | зимски | летен |
| 1 | д-р Ѓоко Ѓорѓевски | редовен професор / 6.03.02.01 Библиска теологија | Библија, Егзегеза | 1. Библиска теологија<br>2. Девтероканонски книги | 1 | 1 |
| 2 | д-р Дејан Борисов | редовен професор / 6.03.02.03 Историска теологија | Историја на Македонската православна црква | 1. Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква | 1 | 0 |
| 3 | д-р Милан Ѓорѓевиќ | редовен професор / 6.03.02.02 Систематска теологија | Византиска философија | 1. Средновековна философија и теологија<br>2. Академско пишување | 1 | 1 |
| 4 | д-р Анета | вонреден | 5.03.00.01 | 1. Педагошка етика | 1 | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јовковска | професор / 6.03.02.04 Практична теологија | Педагогија | 2. Православна антропологија и педагогија | | |
| 5 | д-р Дарко Анев | доцент / 6.03.02.01 Библиска теологија | Библија, Егзегеза | 1. Библиска теологија<br>2. Херменевтика – библиско-егзегетска методологија | 1 | 1 |
| 6 | д-р Виктор Недески | доцент / 6.03.02.03 Историска теологија | Патрологија и Агиологија | 1. Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија<br>2. Агиологија на Охридската архиепископија | 1 | 1 |
| 7 | д-р Стефан Гоговски | доцент / 6.03.02.02 Систематска теологија | Систематска Теологија - Христијанска Етика | 1. Педагошка етика<br>2. Православна биоетика – современи морални предизвици | 1 | 1 |
| 8 | д-р Илче Мицевски - Игнат | доцент / 6.03.02.04 Практична теологија | Систематска теологија 6.03.02.02 (3. Догматика) | 1. Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква<br>2. Автономија и автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива | 1 | 1 |
| 9 | д-р Кирче Трајанов | доцент / 6.03.02.04 Практична теологија | Византиска патристика, философија | 1. Средновековна философија и теологија<br>2. Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст | 1 | 1 |
| 10 | д-р Александар Крстаноски | доцент / 6.03.02.04 Практична теологија | Македонистика, Македонски јазик и лингвистика | 1. Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија | 1 | 0 |
| ... | | | | | | |
| | | | | Вкупно | 10 | 8 |

**Табела 8.2** Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време **од други единици на високообразовната установа** ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

| Ред бр | **Име и презиме на наставникот** | **да се наведе** | | | **Назив на предметот** (од Табела 7.1 и 7.2) | Вкупен број на предмети што ги предава на единица и студ. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *звањето во кое е избран и во која научна област* | *Областа во која што е докториран* | *единица каде работи во редовен работен однос* | | |

| | | | | | | програма | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | зимски | летен |
| 1 | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | |
| | | | | | Вкупно | | |

**Табела 8.3** Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос во **друга високообразовната установа** или друга институција (приватна или јавна необразовна) ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

| Рб | **Име и презиме на наставникот** | **да се наведе** | | | **Назив на предметот** (од Табела 7.1 и 7.2) | **Вкупен број на предмети** | | **Работ ен однос** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *звањето во кое е избран и во која научна област* | *Областа во која што е доктoриран* | *институцијат а каде има засновано работен однос* | | зимск и | летен | |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | |
| | | | | | Вкупно | | | |

**Табела 8.4.** Број на потребните наставници за реализирање на високообразовна дејност на студиската програма (член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејнсот, "Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022)

| Ред бр. | **Наставници вклучени во реализација на студиската програма** | **А** Број на наставни предмети | **Б** Вкупен фонд на часови по основ на предмети | **В** Број на студенти за кои се бара акредитација | **Г** Големина на групата за предавања и вежби за редовни студенти[3] | Број на часови по наставник - годишно[2] (Бx15) x Г |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | д-р Ѓоко Ѓорѓевски | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | 10 | 1 | 67,5 |
| 2 | д-р Дејан Борисов | 1/2 | 1,5 | | 1 | 22,5 |
| 3 | д-р Милан Ѓорѓевиќ | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 4 | д-р Анета Јовковска | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 5 | д-р Дарко Анев | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 6 | д-р Виктор Недески | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |

[2] Број на недели во еден семестар. Ако предметите се изведуваат во два семестра се запишува 30 недели т.е една академска година.

[3] Големина на групата за предавања и вежби се добива на тој начин што бројот на студенти за кои се бара акредитација се собира во зависност од големината на групата предвидена за предавања и вежби согласно член 35 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност, ("Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022) пр. група за предавања – најмногу 100 студенти се смета како една група. Доколку утврдениот број се зголеми за 50% се отвара нова група за предавања и во графата „Г" се запишува 2.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | д-р Стефан Гоговски | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 8 | д-р Илче Мицевски - Игнат | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 9 | д-р Кирче Трајанов | 1+1/2 | 3+1,5=4,5 | | 1 | 67,5 |
| 10 | д-р Александар Крстаноски | 1/2 | 1,5 | | 1 | 22,5 |
| ... | | | | | | |

**9. Список на обезбеден потребен број лица на ненаставен кадар, согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)**

**Табела. 9.1.** Збирен преглед на ненаставен/административен кадар по звање и работните места на високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

| Ред. број | Опис на работно место | Квалификација | Број на лица |
|---|---|---|---|
| 1. | Библиотека | Дипломиран теолог | 1 |
| 2. | Одделение за студентски прашања | Дипломиран теолог | 1 |
| 3. | Служба за помошно-технички кадар | Средна стручна школа | 1 |
| 4. | Служба за материјално и финансиско работење | Дипломиран теолог | 1 |
| 5. | Служба за општи и правни работи | | / |
| 6. | Извршител за информативниот систем | Доктор по теологија | 2 |
| | | | |

**10. Податоци за просторот предвиден за реализација на Студиската програма од втор циклус (магистерски) академски студии по теологија (двогодишни студии), организирана на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, согласно член 20 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)**

**Табела 10.** Список на простории со површина со кои располага високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

| Р.Б. | Вид и намена на простор | Број | Број на места | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Амфитеатри и предавални | 6 | | 111,47м2 / Амфитеатар 105,73м2 |
| 2. | Лаборатории | | | |
| 3. | Кабинети за вработениот наставниот кадар | 6 | | 139,96м2 |
| 4. | Канцеларии и простории за ненаставен кадар | | | |
| 5. | Простории за работа на органите и телата на високообразовната установа | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Простории за работа на студентско собрание | | | |
| 7. | Други заеднички и повеќенаменски простории: сали за состаноци, | 1 | | 26,53м2 |
| 8. | Библиотека, читална | 1 | | 36,28 м2 |
| 9. | Хигиенски и санитарни јазли, | 2 | | 16,81м2 |
| 10. | Простории за прием на посетители, | | | |
| 11. | Ходници, магацини, остава, архиви, лифтови, скали и друго | | | |
| 12. | | | | |
| | | | **Вкупно** | 439м2 |

**11. Листа на опрема и Информатичко – технички ресурси предвидени за реализација на студиската програма од втор циклус (магистерски) академски студии по теологија (двогодишни студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, согласно Прилог 2[4] од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22)**

**Табела 11.1** Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност.

| Ред.Бр. | Опрема и наставни средства | Вид | Намена | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Централни единици | / | / | 10 |
| 2. | Монитори | / | / | 10 |
| 3. | Лаптопи | / | / | 10 |
| 4. | Прожектори | / | / | 7 |
| 5. | Платно | / | / | 5 |
| 6. | Електронска табла | / | / | 1 |
| 7. | Принтери и скенери | / | / | 7 |
| 8. | Факс | / | / | 2 |
| 9. | Фотокопир | / | / | 1 |
| 10. | Телефони | / | / | 10 |
| 11. | Телефонска централа | / | / | 1 |
| 12. | Конференциски маси | / | / | 6 |
| 13. | Табли за пишување | / | / | 4 |
| 14. | Столчиња | / | / | 200 |
| 15. | Канцелариски бироа | / | / | 20 |
| 16. | Канцелариски столчиња | / | / | 20 |

[4] Секоја високообразовна установа (универзитет, факултет и висока стручна школа) подносител на елаборатот, Табела 10 ја прилагодува зависно од содржина нотирана во Прилог 2 согласно припадноста на единицата кон научно-истражувачко подрачје и поле од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Маси во предавлни | / | / | 48 |
| 18. | Витрини библиотека | / | / | 20 |
| 19. | Машина за укоричување | / | / | 1 |
| 20. | Разглас за озвучување на конференциска сала | / | / | 1 |

**Табела 11.2** Список на **Информатичко – технички ресурси** (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

| **Ред.Бр.** | **Информатичко – технички ресурси** | **Вид** | **Намена** | **Број** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Копмпјутери | лаптопи/ десктопи | Администрација, Студентски прашања/Секретарјат/ студентски прашања и Библиотека | 16 |
| 2. | Скенери | Принтер Скенер/ Скенер | Администрација/ Библиотека и Кабинаети | 8 |
| 3. | Прожектори | Зиднни и преносливи | Предавални и Амфитеатар | 6 |
| 4. | Рутери и сплитери | / | Целосна покриеност на факултетската зграда | 4 |
| 5. | Разглас за озвучување на конференциска сала | пренослив | Амфитеатар | 1 |
| 6. | Информатички Сектор<br>Веб страна | / | Административен одел на ПБФ | 1 |
| 7. | Импелементираност Iknow и Ilearn | / | Административен одел на ПБФ | 2 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## 12. Информација за бројот студенти (прв пат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација

**Табела 12.1.** Преглед на бројот на студенти кои се запишани (по прв пат) на студиската програма во периодот на последната акредитација и бројот на студенти за кои е добиена акредитација

| **Академска година** | | Број на студенти за кои е добиена акредитација | Број на студенти запишани во прва година |
|---|---|---|---|
| 1. | 2020/2021 | 10 | 0 |
| 2. | 2021/2022 | 10 | 0 |
| 3. | 2022/2023 | 10 | 1 |
| 4. | 2023/2024 | 10 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | 2024/2025 | 10 | 0 |
| Вкупно запишани студенти | | | 1 |

**Табела 12.2.** Број на студенти за кои е дообиена акредитација или запишани студенти по студиски програми, во рамките на единицата на универзитетот каде припаѓа.

| Ред. број | **Назив на студиска програма** | Број на студенти за кои е добиена акредитација | Број на студенти запишани во прва година |
|---|---|---|---|
| 1 | Прв циклус на студии: Теолошки студии | 40 | 12 |
| 2 | Втор циклус едногодишни студии по теологија | 10 | 1 |
| 3 | Втор циклус двегодишни студии по теологија | 10 | 0 |
| 4 | Втор циклус специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование | 14 | 0 |
| 5 | Трет циклус докторски студии по теологија | 5 | 0 |
| **Вкупно** | | 79 | 13 |

**Табела 12.3.** Број на студенти кој се бара со (ре)акредитација согласно нето површината со која располага единицата за реализација на студиските програми

| А | Б | В | Г |
|---|---|---|---|
| **Вкупна површина со која располага единицата во м$^2$ (Табела 10)** | Вкупен број на студенти за кои е добиена акредитација или запишани студенти на сите акредитирани студиски програми (Табела 12.2) | **Број на студенти за кој се бара за (ре)акредитација на нова студиска програма** | **Нето површина во м$^2$ по студент (Б+В)/А=** |
| 439м2 | 79 | 10 | 4,93 м2 |

## 12.1 Студенти со посебни потреби согласно член 36 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

**Табела 12.4.** Услови кои високообразовната установа треба да ги обезбеди за студентите со посебни потреби.

| | Услови | Опис (доколку не постои се остава празно или се нуди планирање ) |
|---|---|---|
| 1. | Непречен пристап до објектот | Два непречени пристапи до влезот на факултетот ПБФ/ со скалила и без скалила |
| 2 | Лифт | / (нема) |
| 3 | Посебни места во училница | Големи просторни слушални |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Електронски помагала | / (нема) |
| 5 | | |

**13. Информација за научно-истражувачка и издавачка дејност согласно член 18 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)**

Оддел 5 од Статутот на православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје:

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност, Факултетот:

- го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
- врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
- организира научни и уметнички собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
- во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
- издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
- предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
- остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- организира стручна и административна служба, со ангажирање на лица, според потребите, по претходно добиена согласност за објавување на конкурс од страна на САС;
- врши издавачка дејност;
- се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;

- реализира домашни и меѓународни проекти;
- се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
- ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
- води евиденции согласно со Правилникот за водење евиденции за високото образование;
- врши и други работи утврдени со закон, актот и препораките на основачот, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Член 26 од статутот на ПБФ:** Високообразовната и научно-истражувачката дејност не смеат да бидат спротивни со учењето на светата Православна црква и со Уставот на МПЦ-ОА.

## 14. Библиотека и информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература член 37 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

**Табела 14.1.** Список на задолжителна литература и бројот на примероци

| Ред. Бр. | Вид на литература нотирана во Прилог 3 | Број на примероци | Електронски формат (Pdf, word и др)[5] |
|---|---|---|---|
| 1. | Задолжителна литература | Задолжителна литература | од секоја наведена литература се поседува по 6 примероци достапни за студентите |
| 2. | Дополнителна литература | Дополнителна литература | Од секоја наведена литература се поседува по 4 примероци достапни за студентите |

## 15. Информација за веб страница (член 21 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр 82/18) и член 18 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

### 15.1. Јавност во работата на високообразовната установа

**Табела 15.** Достапни и објавени информации за работата на високообразовната установа и студиската програма која е предмет на ре/акредитација

| Ред. Бр. | Вид на објавени информации | Линк |
|---|---|---|
| 1. | Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се | Статут на Православниот богословски факултет |

[5] Во графата се пишува/се обележува вкупниот број на задолжителна и дополнителна литература за која единицита располага во електронска верзија, преку пристап до електронска библиотека

| | | |
|---|---|---|
| | уредуваат внатрешните односи | |
| **2.** | Студиски програми | Студиски програми |
| **3.** | Извештајот од последната самоевалуација | Извештај од самоевалуација на Православниот богословски факултет (јуни 2024) |
| **4.** | Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно | Прв циклус на студии: Теолошки студии<br>решение за акредитација<br>решение за почеток со работа<br>Втор циклус едногодишни студии по теологија<br>решение за акредитација<br>решение за почеток со работа<br>Втор циклус двегодишни студии по теологија<br>решение за акредитација<br>решение за почеток со работа<br>Втор циклус специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование<br>решение за акредитација<br>решение за почеток со работа<br>Трет циклус докторски студии по теологија<br>решение за акредитација<br>решение за почеток со работа |
| **5.** | Актот за систематизација | Акт за систематизација на Православниот богословски факултет |
| **6.** | Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет | Деловник за работа на наставно-научниот совет<br>Статут на Православниот богословски факултет |
| **7.** | Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот | Билтен на Православниот богословски факултет |
| **8.** | Распоредот на работни задачи | Одлука за систематизација и организација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје |
| **9.** | Прифатени теми за изработка на магистерски/докторски трудови | Прифатени и одбранети теми на магистерски и специјалистички трудови на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје во периодот 2019/2020 – 2024/2025 учебна година |
| **10.** | Акти кои ги носи единицата согласно други закони | Програма за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br>Акционен план за работа на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје за периодот од 2023 до 2026 година<br>Годишен извештај на Православниот богословски факултет за 2024 година<br>Одлука за висина на надоместоците за извршени услуги на студентите<br>Правилник за организација и работа на библиотеката во состав на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје |
| **11.** | Етичкиот кодекс | Етички кодекс |

## 16. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

- Реализација на наставниот процес
- Континуиран развој на наставните содржини
- Редовна евалуација и самоевалуација
- Практична настава

За квалитетно одржување и развивање на наставата, Факултетот, како придружна членка на УКИМ во Скопје спроведува евалуација согласно со Законот за високото образование, Статутот на УКИМ, Статутот на Факултетот и Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуациските постапки на универзитетите донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје – Битола, септември 2002). Како редовни механизми за подобрување на квалитетот на наставата на Факултетот се земаат резултатите од надворешната евалуација на УКИМ, самоевалуцијата која се реализира од страна на Комисијата за самоевалуација на Факултетот, како и анонимната анкета која секој семестар се спроведува од страна на студентите на Факултетот.

Исто така, на Факултетот како дел од механизмите за развивање и одржување на квалитетот на наставата претставува и вертикалната и хоризонталната поставеност на управување на Факултетот преку ННС, Деканатска управа, Декан со продекани, координатори и раководители на прв, втор и трет циклус на студии, разни Комисии кои се задолжени за наставата на сите циклуси на студии, наставници, соработници и друг помошен и админстративен кадар на Факултетот.

## 17. Резултати од изведената самоевалуација согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од агенција за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија (Скопје -Битола, септември 2002).

Самоевалуацијата е реализирана како процес на следење и проценка на квалитетот на основните дејности на Православнот богословски факултет, придружна членка во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), акредитиран за изведување високообразовна дејност, но во исто време и институција која се занимава со истражувачка и апликативна дејност во функција на развојот на богословската мисла. Тоа е прва и најзначајна фаза во реализацијата на процесот на евалуација и акредитација. Овој извештај од самоевалуација се заснова на бројни документи и информации од различни извори, кои обработени и анализирани, даваат јасна и реална слика за квалитетот на високообразовната, научно-истражувачката и апликативната дејност на факултетот. Податоците, коментарите и заклучоците врз кои се темели самоевалуацијата реално ја отсликуваат состојбата на Факулетот и воедно даваат насоки за надминување на проблемите и за неговиот натамошен развој.

Самиот процес на самоевалуација произлегува како обврска од Законот за високо образование (Сл. весник на Р. Македонија броеви: 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 57/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 и 82/18) и подзаконските акти со кои се регулираат постапките и методите за нејзина реализација.

Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, како високообразовна установа работи според документи со кои се дефинирани сите постапки на наставниот и научно-истражувачкиот процес. Тие документи се однесуваат на обврските и потребите на наставниот кадар, студентите или администрацијата. Со тие документи се искажани обврските и одговорностите на сите вработени (наставниот и административниот кадар), како и на

студентите, во остварување на процесот на стекнување на високо образовни квалификации. Имајќи го тоа предвид, основните цели на самоевалуацијата на Факултетот беа:

- анализа и самооценување на наставниот процес, - одредување на предностите и слабостите на Факултетот во разни сегменти од високообразовната, научно-истражувачката дејност и други активности од јавен интерес во функционирањето на Факултетот, како и утврдување на можности за нивно унапредување, и обезбедување на квалитетна основа за реализација на процесот на самоевалуација на Универзитетот и целокупниот процес за негова евалуација и акредитација со што би се создале услови за подобрување на статусот и рангирањето на универзитетот на Шангајската листа.

Крајна цел на оваа самоевалуација е проценка на квалитетот на целокупната дејност на Факултетот за периодот 2021-2024 година и тоа:

- поставување на основа за согледување на квалитетот на нашите студиски програми.
- утврдување на препознатливоста на Факултетот во однос на научно-истражувачката дејност во домашни и меѓународни рамки; и
- одредување на влијанието на Факултетот преку апликативната дејност

Процесот на самоевалуација се реализираше од страна на Комисијата за самоевалуација формирана од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата седница одржана на 19.04.2024 година, со тајно гласање. Комисијата за самоевалуација е во состав:

- д-р Анета Јовковска, вонреден професор (претседател)
- д-р Виктор Недески, доцент (член)
- д-р Илче Мицевски - Игнат, доцент (член)
- м-р Биљана Петковска, секретар (член)
- Димитар Петрески, студент (член)

Резултатите од извештајот за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, придружна членка УКИМ во Скопје е поставен на веб страницата на Факултетот на следниот линк: Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје јуни 2024

## 18. Соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори

| **Општи дескриптори** | | **Предмети преку кои се обезбедува постигнување на општите дескриптори** |
|---|---|---|
| ***Специфичен дескриптор*** | ***Опис*** | |
| Знаење и разбирање | Студентите коишто ќе ги завршат овие студии треба да се стекнат со вештина како да ги осознаат, разберат, интерпретираат и промовираат теолошките истражувања и интердисциплинарниот дијалог помеѓу теологијата и другите дисциплини, како што се филозофијата, социлогијата, правото и филологијата. Воедно студентите ќе се подучуваат на критичко читање и егзегеза и ќе се насочуваат како истото да го аплицираат во своите трудови, во коишто ќе се поттикнуваат да пишуваат за современите случувања од оваа сфера.<br><br>Студентите коишто ќе ги завршат овие студии, покрај тоа што ќе треба да покажат | Академско пишување<br>Библиска теологија<br>Средновековна философија и теологија<br><br>Автономијата и автокефалноста на |

| | | |
|---|---|---|
| | продлабочено и презицно знаење и разбирање за православната теологија, нејзиниот историски развој, правната рамка, ќе имаат можностда развијат соодветно ниво на знаења за Македонската православна црква – Охридска архиепископија, нејзината историја, нејзиниот развој, традиција и современо постоење, односот кон другите религии, коишто ќе се развивапреку компаративно проучување на другоста, присутна во македонското општество. | Македонската православна црква<br>Автономија и автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива |
| | Студентите коишто ќе ги завршат овие студии треба да се стекнат со соодветно знаење и разбирање на етиката и методологијата на општествените и хуманистичките науки, посебно со методологијата на истражување на религијата, проследена преку аплицирање на методите коишто се користат за конципирање и реализирање на истражување на теми од религијата. | Педагошка етика<br>Херменевтика – библиско-егзегетска методологија |
| | Студентите коишто ќе ги завршат студиите на овој модул треба да се стекнат со знаење како јасно да дефинираат проблем односно предмет на истражување, како да му пристат, како непосредно да создадат база на податоци, на основа на којашто ќе ги аргументираат своите претпоставки или ќе одговорат на поставените истражувачки прашања. Воедно студентите ќе се стекнат и со соодветен квантум на знаење од етиката на истражувачката работа, академското пишување, коешто ќе им овозможи соодветно да ја напишат одбраната тема. | Академско пишување<br>Педагошка етика |
| | Врз база на стекнатото и развиено знаење и разбирање на теолошки студии, студентите ќе може да применат соодветна научна методолошка рамка за решавање проблеми од областа на православната теологија и воопштонахристијанството, развивани преку систематично, креативно елаборирање на истите, со што ќе се развива и надоградува оригиналноста при развивањето и примената на нивните идеи во контекст на истражувањето на зададената област. | Девтероканонски книги<br>Херменевтика – библиско-егзегетска методологија<br>Агиологија на Охридската архиепископија |
| | Врз база на стекнатото и развиено | Православна биоетика – |

| | | |
|---|---|---|
| | знаење и разбирање на магистерските теолошки студии, студентите ќе може да покажат високо ниво на професионална компетентност во научното поле на православното христијанство, односно соодветно перципирање, одредување, разбирање и секако селективно користење на знаењата од сродните дисциплини. | современи морални предизвици<br>Православна антропологија и педагогија<br>Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст |
| Примена на знаење и разбирање | Студентите коишто ќе ги завршат теолошките студии ќе развијат способност за критичко мислење и дискутирање, оригинално и креативно поставување на тезите одобласта на теологијата на православното христијанство и негово соодветно образложување и научно аргументирање.<br><br>Студентите коишто ќе ги завршат теолошките студии со стекнатото теоретско знаење, како и знаењето стекнато од релевантните истражувања, ќе може да ги применат непосредно при поставувањето на конкретни прашања, како и соодветно да пристапат кон постоечките религиозно-општесвените предизвици.<br><br>Во таа смисла цели на предметната програма (компетенции) се следниве:<br><br>Оспособување на квалитетен академски и образовен теолошки кадар.<br><br>Оспособување на високо квалификувани членови на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, во Македонија и во странство.<br><br>Оспособување за работа во општествени, културни, претприемачки и интернационални организации, како и во доменот на црковните служби и менаџирањето на верскиот туризам, културното наследство на црковната традиција и практика (како текстуална, така и уметничка). | Академско пишување<br><br>Православна биоетика – современи морални предизвици<br>Педагошка етика<br><br>Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија |
| Способност за проценка | Способност за анализирање, синтетизирање и интегрирање на знаењето за решавање проблеми од областа на теологијата и православната традиција на овие простори.<br><br>Способност за справување со сложени прашања поврзани со православното | Библиска теологија<br>Агиологија на Охридската архиепископија<br>Православна антропологија и педагогија |

| | | |
|---|---|---|
| | христијанство, коишто имаат допирни точки со други научни полиња, но и со поширокиот општествен контекст.<br><br>Способност да направи проценка на комплексни проблеми на систематски и креативен начин и во ситуации кога има некомплетни и ограничени информации да може да донесе издржана одлука.<br><br>Изградена способност за проценка врз основа на стекнатото знаење да носи етички базирани одлуки, со сенс за лична, црковна и општествена одговорност, базирана на востановените вредности во општеството.<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии и алатки од предметните области на теологијата, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. | Средновековна философија и теологија<br><br>Педагошка етика<br>Православна биоетика – современи морални предизвици<br><br>Херменевтика – библиско-егзегетска методологија<br>Девтероканонски книги |
| Комуникациски вештини | Способност за отворена и јасно водена комуникација (вербална, невербална и писмена) општо со јавноста.<br><br>Високо ниво на презентерски вештини со користење на напредсна технологија и избор на соодветен медиум.<br><br>Способност за отворена и јасно водена комуникација со научната јавност во земјава, како и пошироко.<br><br>Способност за научно аргументирана размена на информации, интерпретации на ставови и податоци, предлози, претставки итн. со научната јавност во земјава, како и пошироко. | Средновековна философија и теологија<br><br>Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија<br><br>Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква |
| Вештини на учење | Висока свесност за потребата и целите на самообразованието и личната надоградба во оваа сфера.<br><br>Висока свесност и познавање на концептот на менторство.<br><br>Активно да се вклучи во дијалог којшто го наметнува позиционирањето на религијата и православието во општеството, покажувајќи ниво на прецизно знаење и соодветна етичка рамка на делување.<br><br>Способност за превземање одговорност за понатамошен професионален развој и | Педагошка етика<br><br>Библиска теологија<br>Средновековна философија и теологија<br><br>Православна антропологија и |

| | | |
|---|---|---|
| | доусовршување.<br><br>Способност за правење стратегии за професионален развој на ниво на верската и оптестевената заедница. | педагогија |

| Специфични дескриптори | | Предмети преку кои се обезбедува постигнување на специфичните дескриптори |
|---|---|---|
| ***Специфичен дескриптор*** | ***Опис*** | |
| Знаење и разбирање | • Теолошките студии имаат за цел на изучување и продлабочување на богословската наука.<br><br>• Студентите коишто ќе ги завршат студиите ќе поседуваат високо ниво на знаења од областа на базичните теолошки студии, првенствено од систематизираните фундаментални знаења од систематската и библиската теологија, кон кои се прилагодени и продлабочени завршните теолошки студии по трет циклус. Меѓутоа, студиската програма за втор циклус студии на теолошки науки е адаптирана, исто така, на начин да им овозможи на студентите да стекнат продлабочени знаења и од другите теолошки дисциплини на православното христијанство, како што се областите од догматското богословие, пастирско-катихетско богословие, но и од на нив блиските и сродни области филозофија на религија, општа историја на христијанската црква, историја на МПЦ-ОА, културни студии, и другите општествени и хуманистички науки и нивно соодветно аплицирање.<br><br>• Студентот знае и разбира како теологијата е поврзана со другите хуманистички и општествени науки, односно другите елементи на структурата на самото општество. Знае да направи и аргументира екстерна и интерна евалуација на феномените од областа на теологијата и религијата и да заземе свој став.<br><br>• Разбира и може да примени методологии соодветни за решавање проблемски точки детектирани во пастирско-катихетската психологија.<br><br>• Поседува систематско знаење за областа на теологијата и општо во православното | Библиска теологија<br><br>Средновековна философија и теологија<br>Херменевтика – библиско-егзегетска методологија<br>Девтероканонски книги<br><br>Агиологија на Охридската архиепископија<br>Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија<br>Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква<br><br>Педагошка етика<br>Православна антропологија и педагогија<br><br>Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст<br><br>Автономија и |

| | | |
|---|---|---|
| | христијанство, како и за други предмети директно или индиректно поврзани со истата. Стекнатото систематско знаење овозможува да се креира основа за развивање на оригинални идеи во контекст на истражувањето на теолошката наука.<br><br>• Знае да осмисли, испланира и реализира научно-истражувачки проект од теологија. Воедно би нотирале дека ќе може да стекне продлабочени знаења за сите фази на истражувачкиот процес (подготовка, реализација, интерпретација на резултатите). За пишување и десеминација на трудовите (семинарски труд, прегледен труд, научен труд, магистерски труд) од модулот, ќе развијат соодветни вештини востановени во предметот Академско пишување. | автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива<br><br>Академско пишување |
| Примена на знаење и разбирање | • Има способност да ги препознава развојните текови во православието, христијанството т.е. религијата, воопшто и секако нивното влијание во македонското општество, како и пошироко.<br><br>• Способност стекнатите знаења да ги примени во своето работење, во комуникациите и работата во рамките на својот колективитет.<br><br>• Способност за критичко, независно и креативно решавање на проблемски точки во рамките на својот колективитет, базирани на стекнатите знаења од областа на теологијата.<br><br>• Можност да ги компарира случувањата во македонското општество од оваа област, со слични во регионот и пошироко.<br><br>• Способност да ги перципира и евалуира случувањата од оваа сфера во македонското општество, соседството, регионот, Европа и светот.<br><br>• Способност да се вклучи во академски расправи во непосредното опкружување и пошироко.<br><br>• Способност критички да ги чита, интерпретира и евалуира истражувањата на другите, како и да развива свои оригинални идеи за истражување и да прави апликации до соодветни фондации и институции. | Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква<br>Автономија и автокефалност во Православната црква - Канонска перспектива<br><br>Педагошка етика<br><br>Библиска теологија<br><br>Православна биоетика – современи морални предизвици<br><br>Православна антропологија и педагогија<br><br>Библиска теологија<br>Девтероканонски книги<br>Херменевтика – библиско-егзегетска методологија |

| | | |
|---|---|---|
| | • Предвидените знаења и способностите им овозможуваат на студентите по теологија да се занимаваат со теоретски истражувања, од областа на просветната дејност во средината, во средното стручно богословско училиште и на Богословскиот факултет, свештеничката дејност со висок степен на сложеност во сите нејзини димензии – литургиска, мисионерска, пастирска, катихетска и др., дејност во институциите на културата и на медиумите, дејност во црковните структури, невладините и другите асоцијации. Магистерските академски студии по теологија овозможуваат натамошно продолжување на образование по докторски студии по теологија, како и образование во други научни области.<br><br>• Магистрите по теологија ќе бидат оспособени за изведување на верска настава во средните училишта, за изведување настава од теолошка група предмети во средните богословски стручни училишта - богословиите, за дејноста - соработник во наставата на универзитетските студии по теологија и во други научни-истражувачки институции на државните, приватните и црковните организации. | Педагошка етика<br>Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија<br>Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст<br><br>Православна антропологија и педагогија<br>Агиологија на Охридската архиепископија |
| Способност за проценка | • Студентите со завршувањето магистерските академски студии, ќе се стекнат како со општи, така и со специфични вештини (способности), со коишто ќе може да одговорат на комплексните барања и операции од областа на теологијата и комплементарните дисциплини; да ги осознаат и да ги применуваат клучните поставки на сите релевантни теолошки дисциплини; оспособени се самостојно да вршат анализа, синтеза и да предвидуваат последици и да изнаоѓаат решенија по релевантните теолошки прашања; да ги применуваат методите и постапките на научното истражување; да поседуваат критичен и самокритичен пристап, мислење и продлабочен синтетички увид во тоталитетот на теологијата и во нејзината интеракција со другите дисциплини; да ги применуваат стекнатите знаења во практиката; да поседуваат комуникациски способности и вештини; да соработуваат со блиските | Библиска теологија<br>Средновековна философија и теологија<br>Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква |

| | | |
|---|---|---|
| | социјални и меѓународни кругови; да располагаат со високо развиена професионална етика; да ги користат информациско-комуникациски технологиии; да поседуваат компетенција од висок степен на сложеност од образовно-научната, културната, административната и медијската дејност.<br>• Способност за справување со сложени прашања, коишто произлегуваат од секојдневниот професионален живот.<br>• Сособност да креира програми и проекти за професионален развој во рамките на теологијата.<br>• Да споделува систематизирани теолошки знаења и информации за феномените од областа религијата.<br>• Да гради релации врз основа на доверба, што подразбира изграден личен интегритет и способност да креира свои кодекси базирани на етички принципи со сенс за личните и општествените вредности. | Православна биоетика – современи морални предизвици<br>Православна антропологија и педагогија<br>Средновековна философија и теологија<br>Педагошка етика |
| Комуникациски вештини | • Способност за отворена и јасно водена комуникација (вербална, невербална и писмена) општо со јавноста.<br>• Високо ниво на презентерски вештини со користење на напредсна технологија и избор на соодветен медиум.<br>• Способност за отворена и јасно водена комуникација со научната јавност во земјава, како и пошироко.<br>• Способност за научно аргументирана размена на информации, интерпретации на ставови и податоци, предлози, претставки итн. со научната јавност во земјава, како и пошироко. | Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија<br>Библиска теологија<br>Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква |
| Вештини на учење | • Висока свесност за потребата и целите на самообразованието и личната надоградба во оваа област.<br>• Висока свесност и познавање на концептот на менторство (како менториран и секако како ментор).<br>• Активно да се вклучи во дијалог којшто го наметнува позиционирањето на право- | Педагошка етика<br>Библиска теологија<br>Средновековна философија и теологија<br>Автономијата и |

| | | |
|---|---|---|
| | славието, на христијанството, другите религии или религијата во општеството, покажувајќи ниво на прецизно знаење и соодветна етичка рамка на дејствување.<br><br>• Способност за превземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. | автокефалноста на Македонската православна црква<br><br>Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија |

## 19. Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма

**Табела 19.** Список на институции со кои високообразовна та установа има склучено договор за вршење на практична настава од студиско подрачје на студиската програма за која се бара акредитација

| **Ред. број** | **Назив на институција** | **Начин на изведување на практична настава** | **Предвидено време за реализација на практичната настава** |
|---|---|---|---|
| **1.** | | | |
| **2.** | | | |
| **3.** | | | |
| | | | |

## 20. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

**Табела 20. Институци односно студиски програми преку кои се потврдува** усогласеноста на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

| **Ред број** | **Назив на институција** | **Назив на студиска програма со која се обезбедува споредливост** | **Линк до студиската програма** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Универзитет у Београду - Православни богословски факултет (Србија)** | **Теолошки мастер програм** | https://bfspc.bg.ac.rs/studije/master-studije/teoloski-master-program/ |
| **2.** | **University of Vienna - Faculty of Catholic Theology (Austria)** | **Master's programme "Advanced Theological Studies" - Specialisation in Orthodox Theology** | https://okk-ktf.univie.ac.at/en/study-information/masters-programmes-with-focus-on-orthodoxy/masters-programme-advanced-theological-studies-specialisation-in-orthodox-theology/ |
| **3.** | **“Justinian the Patriarch” Faculty of Orthodox Theology (Romania)** | **Master’s degree academic studies in Theology** | https://unibuc.ro/studii/facultati/facultatea-de-teologie-ortodoxa/?lang=en |
| **4.** | **Национален и Каподистријски Универзитет во** | **Ορθόδοξη Θεολογία“ - Τμήμα Θεολογίας** | https://orthodoxstudies.theol.uoa.gr/enimerosi_foititon/plirofories_pms_orthodoxi_theologia/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Атина (Грција)** | | |
| | **Универзитет во Солун (Грција)** | **Ορθόδοξη Θεολογία και Χριστιανικός Πολιτισμός“ - Τμήμα Κοινωνικής Θεολογίας και Χριστιανικού Πολιτισμού** | https://msc-stheo.web.auth.gr/ |

**21. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа, магистерски труд и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања.**

Во текот на студиите, студентите треба да стекнат знаења и способности за научно работење и пишување на соодветен научен труд. Во контекст на студиската програма, постојат следните видови научни трудови: семинарска работа и магистерски труд. Тие се разликуваат според обемот и сложеноста на научната работата и изложувањето, но ги споделуваат заедничките карактеристики на научниот труд. Семинарската работа се изработува во рамките на наставниот процес по конкретен предмет. Магистерскиот труд се пишува и се брани на крајот од циклусот студии по положувањето на сите испити предвидени од студиската програма. Семинарската работа ја прегледува и оценува предметниот наставник или асистент. Работата врз магистерскиот труд ја раководи наставник, кој има улога на ментор, а се прегледува, се брани и се оценува комисиски.

При подготовката на научниот труд студентот треба да покаже способност за креативна обработка на определена тема и формирање на ставови за одреден конкретен проблем врз основа на самостојно истражување, аналитичко и критичко користење на различен вид извори и материјали. Во научниот труд не смеат да бидат злоупотребени нечии авторски трудови и истражувања преку нивно користење без цитирање, односно неетичко и незаконско претставување како свои. При изработката на научниот труд треба да се имаат предвид следниве елементи од истражувачката работа и создавањето на самото дело:

- избор и формулирање на темата;
- поставување на основните тези за проблемот кој се обработува;
- прибирање и обработка на извори (материјал на кој се засноваат сопствените гледишта тези);
- структура на текстот;
- документирање на текстот (цитати, фусноти, библиографија);
- графичко обликување.

За подетални информации Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје има изработен комплетен прирачник кој е прикачен на официјалниот сајт. Достапност линк: https://pbf.edu.mk/wp-content/uploads/2024/02/ПБФ-Прирачник.pdf

## 22. Информација за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма[6]

**Табела 21.** Вредноста на финансиската гаранција

| Вредност на приложената банкарска гаранција | Износ на школарина кој студентот ја уплаќа при запишување на студиската програма | Вкупен број на студенти запишани на високообразовна установа (универзитет односно висока стручна школа) | Број на студенти за кои се бара акредитација |
|---|---|---|---|
| | | | |

## 23. Податоци за наставниците кои можат да бидат ментори на магистерски труд на втор циклус на академски/стручни студии на студиската програма од втор циклус (магистерски) академски студии по теологија (двогодишни студии) на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје.

**Табела 22.** Преглед на наставници кои можат да бидат ментори на магистерски труд на втор циклус на студии

| Ред. Бр. | Име и презиме на наставникот | Научна област во која е избран | Наставно-научно, наставно или научно звање во кое е избиран наставникот | Научна област во која наставникот може да биде ментор на магистерски труд поврзана со научната област на студиската програма |
|---|---|---|---|---|
| 1. | д-р Ѓоко Ѓорѓевски | 6.03.02.01 Библиска теологија | редовен професор | 6.03.02.01 Библиска теологија |
| 2. | д-р Дејан Борисов | 6.03.02.03 Историска теологија | редовен професор | 6.03.02.03 Историска теологија |
| 3. | д-р Милан Ѓорѓевиќ | 6.03.02.02 Систематска теологија | редовен професор | 6.03.02.02 Систематска теологија |
| 4. | д-р Анета Јовковска | 6.03.02.04 Практична теологија | вонреден професор | 6.03.02.04 Практична теологија |
| 5. | д-р Дарко Анев | 6.03.02.01 Библиска теологија | доцент | 6.03.02.01 Библиска теологија |
| 6. | д-р Виктор Недески | 6.03.02.03 Историска теологија | доцент | 6.03.02.03 Историска теологија |
| 7. | д-р Стефан Гоговски | 6.03.02.02 Систематска теологија | доцент | 6.03.02.02 Систематска теологија |
| 8. | д-р Илче Мицевски - Игнат | 6.03.02.04 Практична | доцент | 6.03.02.04 Практична теологија |

[6] Пополнуваат приватни високообразовни установи и високи стручни школи

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | теологија | | |
| 9. | д-р Кирче Трајанов | 6.03.02.04 Практична теологија | доцент | 6.03.02.04 Практична теологија |
| 10. | д-р Александар Крстаноски | 6.03.02.04 Практична теологија | доцент | 6.03.02.04 Практична теологија |
| 11. | | | | |

# ДОКУМЕНТИ

**1. Предлог Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа или научниот совет на научниот институт член 110 и член 145 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018)**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ
ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА

Бр. 120/1
26.03./2025
Скопје

Врз основа на член 57 од Статутот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно–научниот совет на 3. редовна седница одржана на 26.03.2025 година, (Зап. бр. 3/2025), едногласно ја донесе ја следнава

**ОДЛУКА**

**За воведување на студиска програма од втор циклус студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје со модул *двегодишни студии по Теологија.***

I. Наставно–научниот совет едногласно го усвои Елаборатот за насоката на втор циклус студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ - Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје со модул *двегодишни студии по Теологија.*

II. Елаборатот и Одлуката на Наставно–научниот совет ќе бидат доставени до Универзитетот и до Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија во нивна понатамошна надлежност.

III. Одлуката стапува во сила од денот на донесувањето.

IV. По еден примерок од Одлуката да се достави до Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, архивата и персоналната евиденција на Факултетот.

ДЕКАН

Проф. д-р Дејан Борисов

Ул. Загрепска 29 | 1000 Скопје | Република Северна Македонија | тел: 02/ 309 2872 | www.pbf.edu.mk

**2. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа; член 94 и член 145 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018)**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Одлука од УС
Ознака: ОВ 5.5/13
Страна: 1 од 1

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје
Примено: 13.05.2025
156/1

Бр. 02-702/6
24.4.2025 година
Скопје

Врз основа на член 94, став (1), точка 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024) и член 157, став 1, точка 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), по предлог на Наставно-научниот совет на **Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје**, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 20. седница одржана на 24.4.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Елаборатот за студиската програма од втор циклус, двегодишни студии по Теологија на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за студиската програма од **втор циклус, двегодишни студии по Теологија на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.**

**Член 2**

Наставата од студиската програма од втор циклус, двегодишни студии по **Теологија,** ќе започне да се изведува по добивањето согласност од Одборот за акредитација на високото образование и по добивањето согласност за исполнување на условите за почеток со работа на студиската програма од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Одлуката се доставува до предлагачот и до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација на студиската програма.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетскиот гласник*.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Драги Димитриевски**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Република Северна Македонија * Скопје *

# 3. Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ**
**„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**
**ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА**

Бр. 127/1
28.03./2025
Скопје

Одборот за соработка и доверба со јавност на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 6. седница одржана на 28.03.2025 година, согласно член 122 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015; 30/2016, 127/2016 и 82/2018), расправајќи околу Елаборатот за втор циклус двогодишни студии по теологија ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Одборот за соработка и доверба со јавност на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, едногласно донесе ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за Елаборатот за втор циклус двогодишни студии по теологија.

Претседател на Одборот за соработка
и доверба со јавност на
Православниот богословски факултет

Проф. д-р Анета Јовковска

Ул. Загрепска 29 | 1000 Скопје | Република Северна Македонија | тел: 02/ 309 2872 | www.pbf.edu.mk

# 4. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје
Примено: 12.03.2025
98/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**ИЗЈАВА**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по теолошки студии*

Јас, Ѓоко Ѓорѓевски, избран во звање редовен професор и вработен во Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, давам согласност за учество во изведување на настава од студиската програма по теолошки студии на Православниот богословски факултет, по наставните предмети:

1. **Библиска теологија**
2. **Девтероканонски книги**

Скопје, 21 февруари 2025

Подносител на изјава

Ѓор.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски"–Скопје–предужна членка

| Примено: 14.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | 101/1 | | |

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**ИЗЈАВА**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по теологија*

Јас Дејан Борисов, избран во звање редовен професор и вработен на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма Магистерски студии теологија на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски", по наставниот предмет:

1. Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква

Скопје, 13.03.2025 година

Подносител на изјава

Проф. д-р Дејан Борисов

Примено: 12.03.2025
97/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по теологија*

Јас Милан Ѓорѓевиќ, избран во звање редовен професор и вработен во на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје на Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по теологија на Факултетот Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, по наставните предмети:

1. Средновековна философија и теологија,
2. Академско пишување.

Место, ден, месец, година

Скопје, 10.03.2025

Подносител на изјава

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје-Скопје

Примено: 12.03.2025

93/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус – едногодишни и двегодишни студии по теологија*

Јас Анета Јовковска, избрана во звање вонреден професор и вработена на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма по теолошки студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, по наставните предмети:

1. Педагошка етика
2. Православна антропологија и педагогија

Скопје, 12.03.2025

Подносител на изјава

А. Јовковска

Проф. д-р Анета Јовковска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје
Примено: 12.03.2025
95/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по теолошки студии*

Јас Дарко Анев, избран во звање доцент и вработен во Православниот богословски факулте „Свети Климент Охридски“ во Скопје на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма по теолошки студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, по наставните предмети:

1. **Библиска теологија**
2. **Херменевтика – библиско-егзегетска методологија**

Скопје, 12 Март 2025 година

Подносител на изјава

Доц. д-р Дарко Анев

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски"-Скопје
Примено: 12.03.2025
102/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни едногодишни и двегодишни студии по теологија*

Јас Виктор Недески, избран во звање доцент и вработен на ПБФ „Св. Климент Охридски" на Универзитет „Свети Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма Теолошки студии на ПБФ „Св. Климент Охридски" - Скопје, по наставните предмети:

1. Светоотечката книжевност во Охридската архиепископија
2. Агиологија на Охридската архиепископија

Скопје
07.03.2025 г.

Подносител на изјава

Доц. д-р Виктор Недески

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски" - Скопје
Примено: 07.03.2025
87/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по*
*Студиски програми од втор циклус – едногодишни и двегодишни теолошки студии*

Јас Стефан Гоговски, избран во звање доцент и вработен во/на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма на втор циклус по теолошки студии на Факултетот Православен Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, по наставните предмети:

1. Педагошка Етика
2. Православна биоетика – современи морални предизвици

Подносител на изјава

Скопје, 07.03.2025 година

Доц. д-р Стефан Гоговски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски"-Скопје
Примено: 12.03.2025
Орг. един. Број: 100/1 Прилог Вредност

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**ИЗЈАВА**

***за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски-едногодишни и двегодишни студии по ТЕОЛОГИЈА***

Јас Илче Мицевски-Игнат, избран во звање Доцент и вработен на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје на Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје, давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма Теолошки студии на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, по наставните предмети:

1. Автономијата и автокефалноста на Македонската православна црква
2. Автономија и автокефалност во Православната црква. Канонска перспектива

Скопје, 10.03.2025

Подносител на изјава

Доцент д-р Илче Мицевски-Игнат

Примено: 09.03.2025
88/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**
*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма на втор циклус на академски/стручни студии по* *теологија*

Јас Кирче Трајанов, избран во звање доцент и вработен на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, на Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма теолошки студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје, по наставните предмети:

1. **Богословско-омилитичкото наследство на свети Јован Златоуст**
2. **Средновековна философија и теологија**

---

Подносител на изјава

Скопје, 09.03. 2025 г.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски"-Скопје
Примено: 12.03.2025
34/1

Врз основа на член 61 став 1 точка 4 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018) ја давам следната

**И З Ј А В А**

*за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студискаta програма на втор циклус на академски/стручни студии по едногодишни и двегодишни студии по Теологија*

Јас Александар Крстаноски, избран во звање доцент и вработен во ПБФ „Свети Климент Охридски" - Скопје на Универзитет Свети Кирил и Методиј" - Скопје давам согласност за учество во изведување на настава од Студиската програма едногодишни и двегодишни студии по Теологија на Факултетот ПБФ „Свети Климент Охридски" - Скопје, по наставните предмети:

Светоотечката книжевност во Охридската Архиепископија

Скопје, 12. 03. 2025 г.

Подносител на изјава

Доц. д-р Александар Крстаноски

**5. Согласност на Универзитетскиот сенат, односно Научниот советот за учество на наставникот во реализација на студиската програма на единица од друг Универзитетот (член 179 од Законот за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018**

Врз основа на член 94 и член 179 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.82/18) Сенатот на Универзитетот _______________ на седница одржана на ___________________ година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за согласност за учество во реализација на Студиска програма по ___________________ на Факултетот ___________________ при Универзитетот ___________________**

### Член 1

Врз основа на доставеното барање на Факултетот ___________________ при Универзитетот ___________________ Сенатот на Универзитетот ___________________ дава согласност за учество на наставникот ___________________ во реализација на Студиската програма по ___________________ за академската-------------------година.

### Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Место, ден, месец, годин

Претседател на Сенатот

Проф. д-р ___________________

Доставено до:
- Архивата на __________факултет;
- Ректорска управа на Универзитет ________.

# ПРИЛОГ БР. 3

**1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023)**

Ред.број:1

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од втор циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Библиска теологија** | | | |
| 2. | Код | ТС2/101 | | | |
| 3. | Студиска програма | Втор циклус (магистерски) академски студии по теологија (двогодишни студии) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Православен Богословски Факултет „Свети Климент Охридски" – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | семестар | прв |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 12 ЕКТС кредити | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор<br>д-р Дарко Анев, доцент | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Целта на изучувањето на оваа програмска целина е студентите да се запознаат со библиското верување за Бога, светот и човекот, опфаќајќи теми од теологијата, космологијата, антропологијата и есхатологијата, како и со најважните елементи од новозаветната мисла, вклучително и теологијата на новозаветните автори | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | 1. Старозаветна теологија:<br><br>а) Бог и откровението во Стариот завет;<br><br>б) Природата и создавањето;<br><br>в) Човекот според старозаветната порака;<br><br>г) Бог и избраниот народ во Стариот завет;<br><br>д) Централни старозаветни теми - законот, богопочитувањето праведноста, љубовта, верноста;<br><br>ѓ) Старозаветна есхатологија<br><br>2. Новозаветна теологија<br>а) Важни елементи на новозаветната мисла (Царството Божјо, Исусовите чуда, Исусовите параболи, Исусовото воскресение, дванаесетте и апостолството, новозаветна есхатологија) | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | б) Павловата теологија<br>в) Синоптичарите и нивниот теолошки контекст<br>г) Јовановата теологија<br>ѓ) Теологијата во пастирските посланија | | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема | | | |
